# МИСИОНСКИ СТИХОВИ

Евангелски активности на верниците





ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2022

*Сабота, 1 јануари 2020*

## ЕВАНГЕЛИЕТО ДОАЃА ВО КОНТЕКСТ 1

Многу луѓе во текот на проповедањето не размислуваат многу за луѓето на кои им проповедаат. Тие мислат дека секуларните луѓе не би смееле да ги сретнуваме под нивни услови. Тие се согласуваат со размислувањата кои се слични на овие: „Вистината не би смееле да ја разводнуваме за да им угодиме на оние коишто не го следат Христа. Наша работа е да им го објавиме евангелието во ста негова полнота, а ако ним не им се допаѓа, тоа е нивни проблем а не наш“. Зар улогата на Светиот Дух не се состои во тоа да ја премости бездната која не??? дели од луѓето? Евангелизирање се врши „не со сила и крепост, туку со мојот дух, вели Господ над војските“ (Захарија 4,6).

Се разбира, Светиот Дух е многу важен во сите евангелски потфати. Обидот да се применат предлозите од оваа книга без водство на Светиот Дух, тоа би било вистинска лудост. Светиот Дух сигурно може да оствари непосредна врска со секое човечко суштество, без оглед на неговото потекло! Меѓутоа, текстот Римјаните 1,18-20 укажува на фактот дека делото на Светиот Дух е прилично ограничено според својата содржина. Светиот Дух вообичаено не дејствува како замена за човечките напори! (Види Римјаните 10,14)

Библиските докази ја подвлекуваат важноста што се дава на културниот хоризонт на слушателите. Елена Вајт советува: „Човештвото морало да добие поуки искажани со човечки јазик“ (Копнежот на вековите, стр.21). Колку подобро ја познавате Библијата, толку ќе ви станува појсано дека секој дел од Божјата реч бил даден во согласност со времето, местото, јазикот и културата на секое човечко битие. Апостол Павле, со својот докторат од филозофија, го изразувал Божјето откровение на различен начин од Петар, кој бил рибар. Јован пишувал со едноставен, јасен и речиси детски јазик. Спротивно на тоа, писателот на посланието до Евре-

ите пишува со сложен, книжевен грчки јазик. Во Матеј имате некој кој го разбира еврејскиот систем на размислување и кој се обидува да им се приближи. Од друга страна, пак, Марко му зборува на умот на незнабожците.

Грчкиот јазик на Новиот завет во таа мера се разликува од класичниот грчки јазик на Платон и Аристотел што во деветнаесеттиот век многу теолози мислеле дека Новиот завет е напишан на еден вид небесен јазик, поразличен од сите други облици на старогрчкиот јазик. А тогаш во 1895 година била организирана експедиција во Египет со цел да се пронајдат документите на стариот свет. Извештаите покажувале дека најдобро би било работата да се почне од градот Оксиринхус.

Во овој град теолозите наишле на големо прастаро ѓубриште со многубројни слоеви остатоци со дебелина од неколку метри, вклучувајќи и отпад кој бил стар неколку векови. Кога истражувачите почнале да копаат по слоевите на стари остатоци, пронашле сандак и ризница на стари документи од секојдневниот живот на луѓето кои живееле во време на пишување на Новиот завет. Документите биле многу добро сочувани, бидејќи во сувата египетска клима распаѓањето било драстично намалено. Во рушевините на населбите пронашле уште многу други документи кои се однесувале на семејниот и деловниот живот на луѓето од почетокот на новата ера. Тие биле закопани заедно со нивните сопственици. Некои од отфрлените документи биле користени за обложување на човечките и животинските мумии. Меѓу нив имало многу лични писма, тестаменти, сметки, деловни пресметки и потврди, но и договори кои се однесувале на разводи, венчавки, посвојувања и продажба на земјиште.

Кога теолозите почнале да ги проучуваат овие документи на стариот медитерански свет дошле до изненадувачко откритие. Јазикот на овие документи не бил книжевниот јазик на Платон и Аристотел, па дури ни јазикот на законите и власта, туку тоа бил јазикот на грчкиот Нов завет. Обичните луѓе на стариот свет и

писателите на Новиот завет се служеле со истиот јазик со кој се служеле и луѓето од улицата. Новиот завет не бил напишан со некој небесен јазик или со јазикот на културната елита, туку со јазикот на обичниот народ. Во Новиот завет, Бог го напуштил својот свет и им се приближил на луѓето онаму каде што се наоѓале!

*Сабота 8 јануари 2022*

## ЕВАНГЕЛИЕТО ДОАЃА ВО КОНТЕКСТ 2

Бог им приоѓа на луѓето на местата каде што се наоѓаат! Со таа цел, во книгата на пророк Даниел дошло до прилагодување на содржината на виденијата со цел таа порака поуспешно да се пренесе на пророкот. Дозволете тоа да го илустрирам на еден пример:

Во втората и во седмата глава на книгата на пророк Даниел истата основна порака била објавена на двајца различни пророци: Навуходоносор и Даниел. На секој од нив Бог му дал видение за четирите последователни царства, по кои требало да настане Божјето царство (Даниел 2,28; 7,1). Во двата случаи пораката на видението гласела дека Бог управува со настаните во човечката историја. Тој ги поставува царевите и ги симнува од престолот (Даниел 7,13.14.27). Во својата суштина двете виденија биле потполно исти!

Меѓутоа, на незнабожечкиот владетел, Навуходоносор, Бог му ја опишал иднината во вид на идол, односно слика која тој можел да ја разбере (Даниел 2,29-36). На темелот на текстот во Даниел 3 глава станува јасно дека ликот, кој го видел царот, бил идол. Навуходоносор точно знаел што треба да направи со таа слика. Требал да ја постави на видно место за да може луѓето да ја обожуваат. Ваков вид на комуникација со Навуходоносор бил совршено погоден. За царот овие големи народи во светот претставувале блескави примери на сила и моќ на боговите на кои им служеле. Бог му се приближил на Навуходоносор на местото и нивото на кое се наоѓал!

Меѓутоа, на еврејскиот пророк Даниел, Бог му ја опишал иднината со јазик на кој бил напишан извештајот за создавањето во 1. Мојсеева, прва и втора глава (Даниел 7,2-14). Видението на пророкот Даниел започнува со бурно море, кое се бранува под налетите на силниот ветер (види Даниел 7,2; 1. Мојсеева 1,2). Потоа се појавуваат животните (Даниел 7,3-6; 1. Мојсеева 2,19.20). Тогаш се покажал и Синот човечки, на кого му била дадена власта над животните (види Даниел 7,1.14; 1. Мојсеева 1,26.27). Тоа било силно потсетување на извештајот за Адам за време на создавањето. Божјата порака до Даниел имала ваква содржина: токму онака како што Адам имал власт над животните по создавањето, и Синот човечки, кога ќе дојде, ќе има власт над народите кои биле мачители на Даниеловиот народ. Со други зборови, Бог и понатаму управува со историјата, дури и тогаш кога изгледа дека настаните целосно се отргнале од Негова контрола. Бог им се приближува на луѓето таму каде што се наоѓаат. Ова комплетно се остварило во случајот на Даниел и Навуходоносор.

Тоа главно е причината што во Новиот завет имаме четири евангелија наместо само едно. Фактот што имаме четири евангелија ни кажува дека дури ни вдахновените писатели со пораката за Исуса не може да досегнат до сите луѓе. Сите ние имаме ограничени престави. Разновидноста на евангелието им овозможува на различни луѓе да го сфатат значењето на Исусовот живот и смрт од перспектива на сопствениот живот и лични искуства. Некои луѓе го сакаат евангелието според Матеј, некои на Лука или на Јован. Раскажувањето на сторијата за Исуса на различни начини значи приближување до разновидни луѓе на местата каде што се наоѓаат. Изгледа дека ова е начинот на кој Бог сака да дејствува.

Конечен пример дека Бог сака да им се приближи на луѓето на местата каде што се наоѓаат е личноста на Неговиот син Исус Христос. Кога Бог одлучил лично да се појави пред луѓето, тој не дошол како Исус Христос - суперстар. Тој станал Евреин од првиот век, кој живеел во Палестина и зборувал со јазикот кој одговарал на локалната култура и навики. Бил нечист, гладен и уморен. Понеко-

гаш станувал дури и очаен, лут и жалосен (Марко 1,40.41; 3,4.5; 6,6; 10,13.14). Бог не одлучил да ни прати суперстар, туку човек налик на еден од нас. Отелотворувањето на Исуса Христа ја покажало длабочината на Божјата желба човечките суштества да ги сретне на нивно место, под нивни услови, во нивно време и место и во нивни околности и јазик. Елена Вајт јасно го објавила ова начело во „Одбрани сведоштва“ 1 книга 19-22:

„Писателите на Библијата морале да ги изразат своите мисли со човечки јазик. Таа била напишана со човечки раце од луѓе кои биле вдахновени со Светиот Дух.“

„Писмото им било дадено на луѓето не во вид на непрекинат ланец на непрекинати реченици, туку малку по малку, во текот на последователни поколенија, кога Бог во своето провидение видел дека се отвора соодветна прилика да ги вдахне луѓето во различни времиња на различни места...“

„Библијата ја напишале вдахновени луѓе, но таа не претставува Божји, туку човечки начин на размислување и изразување. Тука не претставен Бог како писател...“

„Библијата е совршена во целата своја едноставност и таа не одговара на големата замисла за Бога; бидејќи неограничените замисли не можат совршено да се отелотворат во ограничените токови на мислите.“

*Сабота 15 јануари 2022*

## ЕВАНГЕЛИЕТО ДОАЃА ВО КОНТЕКСТ 3

Начелото на контекстуализација го придвижувало Павле во неговите мисионски потфати. Неговото јасно разгледување на оваа тема (1. Коринќаните 9,19-23) претставува мандат за секуларна евангелска служба. Павле ни вели дека е потребно да се вложат големи напори и да се принесат големи жртви за да им се прибли-

жиме на луѓето кои се разликуваат од нас. Ако имаме малку успех во ширењето на евангелието меѓу секуларните луѓе, тогаш причината за тоа е што не сме подготвени да поднесеме жртва.

„Зошто иако сум слободен од сите, станав роб на сите, та повеќето од нив да ги придобијам:"

"За Јудејците станав Јудеец, за да придобијам Јудејци, за оние што се под закон, станав како да сум под закон, за да ги придобијам и тие што се под закон."

„За оние што се без закон, станав како да сум без закон, иако пред Бога не сум без закон, туку сум под законот на Христос, за да ги придобијам и оние што се без закон."

„За слабите станав слаб, за да ги придобијам слабите, за сите станав се, та на каков и да било начин да спасам некои од нив."

„А ова го правам поради евангелието за да бидам соучесник во него" (1. Коринќаните 9,19-23).

Во овој текст, Павле дава упатства за секуларна служба. Тоа е начин да им се приближиме на луѓето кои се разликуваат од нас; тоа е упатство како да им зборуваме на луѓето со разбирлив јазик, кој може да допре до нивните уши на местото на кое се наоѓаат. И доколку сме подготвени да ги поднесеме неопходните жртви, постојат решителни можности да се обратат многу повеќе луѓе од вообичаено.

„Поуките на човештвото мора да му се пренесуваат на јазикот на човештвото!" На луѓето мора да им се обраќаме на јазик кој им е добро познат. Причината зошто адвентистичката вест се шири како преriски пожар во местата како што се Нова Гвинеја, Филипини и Кенија, како и дел од земјите во карипското подрачје, се крие во фактот што адвентизмот што ние го изразуваме е токму она што овие луѓе го бараат. Меѓутоа, на други места, изгледа дека истата порака се наоѓа надвор од контекст. Бог им се приближува на луѓето таму каде што се наоѓаат. И Тој не??? повикува да го следиме Неговиот пример.

*Сабота 22 јануари 2022*

## ЛУЃЕТО УЧАТ НА РАЗЛИЧНИ НАЧИНИ

Една од причините зошто треба да им се приближиме на луѓето на местата каде што се наоѓаат е во фактот што тие на овој начин најдобро и најлесно учат. Ние сме научиле да ги делиме луѓето на паметни и неспособни. Ние претпоставуваме дека некои луѓе сами по себе се многу побистри од другите. Меѓутоа, сега сфаќаме дека многу разлики во брзината на учењето и совладувањето може да се припишат на стилот на поучувањето. Некои луѓе може да изгледаат неспособни за учење само затоа што начинот на кој им се претставува материјалот се разликува од начинот на кои тие можат да учат. Меѓутоа, кога на истите луѓе ќе им овозможиме да учат со едноставен стил, станува очигледно дека работите стануваат многу поинакви и станува очигледно тие се мошне бистри ако им се пристапи на соодветен начин. Се разбира, повеќето родители со деца, овој факт го знаеле уште пред многу години.

Џон Полин, професор на универзитетот Лома Линда, го илустрира овој принцип со примерот на своите деца. Тој вели:

„Јас имам три деца. Додека беа мали, една од нашите омилени семејни активности беше заедничкото читање книги. Јас би избрал некоја детска книга која, на пример, би зборувала за зајак што скока во шумата. Јас би седнал на мојата омилена фотеља, а семејството се собираше околу мене на троседот или на тепихот во близина на мојата фотеља.

Меѓутоа, работите никогаш не останувaa смирени и организирани. Кога ќе почнев да читам приказна, мојата најстара ќерка ги повторуваше моите зборови. Јас ќе прочитав една реченица, потоа таа се вмешуваше и почнуваше да ги повторува моите зборови некогаш со ист а некогаш со изменет редослед. Морам да признаам тоа навистина ми пречеше. И велев дека јас раскажувам а не таа. Нејзина работа беше да остане мирна и да слуша. Мислев дека

припаѓав меѓу добрите родители, учејќи ја како да биде поуспешна на училиште! Но, јас бев целосно слеп кон можностите и начините на кои таа можеше да учи!

Подоцна сфатив дека мојата најстара ќерка е ученик кој учи со слушање. Таа најдобро го запомнуваше она што го слушаше. Значи, кога таа ја повторуваше приказната по мене, таа ја врежуваше нејзината содржина во своите мисли. Таа се обидуваше да учи на начин кој најмногу и??? одговараше. За несреќа, повеќето училишта не се така организирани учениците да учат на начинот на кој најмногу им одговара. Во школо од учениците се очекува да молчат додека наставникот зборува. Тоа придонесува да има ред и дисциплина, но кај многу ученици не создава најдобра атмосфера за учење.

Од друга страна, мојот син изгледа дека спаѓа во визуелни ученици. Можеби 60% од учениците собираат информации по пат на сетилото за вид. Така, кога ќе почнев да раскажувам приказна за зајакот кој скока во шумата, Џоел стануваше, поминуваше низ собата, ќе седнеше на мојата фотеља и ја земаше книгата од моите раце.

Што правеше тој? Сакаше да ја види сликата на зајакот што скока во шумата. Бидејќи беше визуелен тип, приказната за него добиваше ново значење кога се соединуваше со сликите коишто можеше да ги види од мојата фотеља.

И повторно јас си помислив дека на неговото детинесто однесување му е потребен тренинг на дисциплина. Му наредував да се врати од каде што дошол и би го укорил да не го прекинува моето читање. Просечниот наставник во училиштата веројатно би реагирал на истиот начин. Не е можно да се одржува настава во одделение со 30 ученици, кога би дозволувале секој од нив да доаѓа до катедрата на наставникот и да гледаат во книгата која ја држи во раце! Сепак, дури сега сфаќам зошто мојот син се обидуваше да се прилагоди на начинот на кој најмногу можеше да научи. Приказната која би ја гледал визуелно тој никогаш во живот не би ја заборавил.

Меѓутоа, хаосот не завршуваше со мојот син. Мојата најмлада ќерка е т.н. кинетички ученик. Тоа значи дека најдобро учи кога

шета или се движи. Кога ја раскажував приказната за зајакот во шумата, таа станувaше од местото и почнуваше да скока по собата. Приказната за неа имаше најсилно влијание кога таа можеше да ја одигра. Тоа беше начинот кој најмногу и??? одговараше. Се разбира, јас повторно морав да применам еден вид родителски „тренинг“ за да воспоставам дисциплина.

Ова се различни начини на учење и секој од нив претставува предизвик за учителот. Формалното школување на секое мое дете беше предизвик за секого на различен начин. Дали моите деца се неспособни? Апсолутно не! Секое мое дете покажа посебна бистрина на едно или повеќе подрачја. Но, секое од нив најдобро учеше кога имаше слобода да го примени својот начин на учење.

Поуката од ова мое искуство на секого од нас му нуди начин како може да им се приближиме на луѓето таму каде што се наоѓаат - интелектуално, културолошки и во согласност со нивните посебни начини на учење. Овој начин со повеќе успех ќе им ја пренесе поракaта на евангелието. Нам ни е неопходно да им се приближуваме на луѓето таму каде што се наоѓаат, не затоа што Бог го бара тоа, туку со тоа го обезбедуваме начинот на кои тие најбрзо учат“ (Вечното евангелие во вечно промеливиот свет, стр. 17-18).

*Сабота 29 јануари 2022*

## ПРЕЧКИ НА ПАТОТ НА ОСВЕДОЧУВАЊЕТО

На луѓето треба да им се приближиме на местото каде што се наоѓаат поради фактот што секој човек има вграден систем за борба против убедувањата. Џејмс Енгел во својата книга „Современи христијански комуникации“, го разгледува ова прашање. Тој забележал дека преработката на информациите кај човечките суштества е исклучително селективна. Со други зборови, сите ние сакаме да го слушнеме и да го видиме она што го сакаме! Луѓето

се потполно способни да се одбранат од обидите на влијанија врз нивните ставови и не постои никаква магиска мешавина која би гарантирала дека пораката која сакаме да ја пренесеме ќе бие сериозно сфатена.

Во денешниот свет, вниманието на луѓето е насочено на многу подрачја. За да се усогласиме со предизвиците, ние селективно се повлекуваме од некои подрачја за да може комплетно да го насочиме нашето внимание на други работи. Кога се трудите некому да му го претставите евангелието, вие се борите со многу други влијанија кои се обидуваат да го привлечат неговото внимание. Поединецот брзо ја квалификува информацијата одредувајќи дали таа ќе биде корисна или употреблива во неговиот живот. Луѓето се склони своето внимание да го посветат на пораките кои се важни во нивниот живот во дадениот момент. Со други зборови, човечките суштества имаат систем на филтрирање кој им овозможува да ги отфрлат пораките кои не ги задоволуваат нивните потреби во тој момент. Ако имаат мала заинтересираност за пораката, тие ќе ја отфрлат.

Поврзано со ова, има и едно друго паралелно откритие. Човечките суштества чувствуваат вродена одбивност кон се??? што ги наведува да го променат своето мислење. Тие се спротивставуваат на промените во своите вкоренети верувања и однесувања. Таа аверзија кон промените е нешто добро. Кога не би ја поседувале, секој ден би ги менувале нашите односи и секогаш би верувале на последната информација што би ја примиле. Луѓето со ниска аверзија кон промените на мислењата се познати како лековерни или луѓе кои многу лесно може да бидат измамени. Повеќето од нас не сакаат да бидат такви луѓе, ниту пак да имаат некоја сличност со нив.

Значи, просечната личност подигнала висока бариера против убедувањата. Кога ќе се појави некој со нова идеја која радикално се разликува од нашите врувања, што се случува? Веднаш се подигнува психолошки ѕид. И колку повеќе удирате во тој ѕид, тој станува подебел и поголем. Енгел тоа го нарекува „одбрана дадена од Бога“ против непосакуваните убедувања. Доколку ни пристапи

некој спротивно на нашите убедувања, ние имаме способност да го одбиеме. Дури ни најсилната реклама не може да ги наведе луѓето да се однесуваат спротивно на своите природни желби.

Меѓутоа, постои начин овој ѕид да се заобиколи. Постои начин да се заобиколи селективното внимание. Тој пат е вештина да им се приближите на луѓето на подрачјето на кое чувствуваат одредени потреби. „Потребата која се чувствува" е точката во човековиот живот кога она што го објавуваме се поистоветува со нивните свесни потреби и интереси, допирна точка кога тие се достапни да ја примат информацијата. Проучувачите на мисијата во светот, потребата која се чувствува, ја нарекуваат допирна точка. Тоа се однесува и на поединците и на групите. Тоа е точка во искуството на поединците или групите кога порaката на евангелието се поистоветува со потребите на оние кои станале свесни.

*Сабота 5 февруари 2022*

## ПРЕЧКИ НА ПАТОТ НА ОСВЕДОЧУВАЊЕТО 2

Во книгата „Сегашната вистина во реалниот свет", Џон Полин ја објавил приказната за службата која го мерела крвниот притисок на улиците на Њујорк во текот на седумдесеттите години од минатиот век. Само еден од 20 или 30 луѓе кои доаѓале да го мерат крвниот притисок покажал интерес за проучување на Библијата, доколку им била понудена таква можност. Тогаш некој понудил проучување на Библијата како помош на луѓето во борбата со стресот во големите градови. Штом станале достапни овие програми, бројот на луѓе кои ја прифатиле можноста да ја проучуваат Библијата се зголемил за 85 %. Оној момент кога им било кажано: „Имаме бесплатна програма составена од библиски лекции за борба против стресот", луѓето веднаш се пријавиле, понекогаш земајќи ја програмата и за своите пријатели. Еден ден пред трговсиот цен-

тар, 242 луѓе дошле да го измерат крвниот притисок и сите го прифатиле проучувањето на Библијата! Сто проценти од дојдените на пунктот; мора да бил некој многу лош ден на Вол Стрит! Меѓутоа, тоа се случува кога ќе се потрудите да ги задоволите потребите што ги чувствуваат луѓето. Бариерата против убедувањата се руши! Тоа е контекстот на мислата дека треба да им се приближиме на луѓето на местата каде што се наоѓаат!

Водачите на службата за мерење на крвниот притисок во Њујорк секогаш инсистирале на фактот дека клучот на нивниот успех е излевањето на Светиот Дух како одговор на нивните молитви. Службата за секуларните луѓе може да успее само во атмосфера на Божја присутност. Сепак, внимателното следење на потребите на луѓето е рака помошничка во дејствувањето на Светиот Дух. Молитвата, исто така е сила која е потребна да се постигнат чуда. Меѓутоа, многу е посилна и поуспешна службата која ги обединува молитвата и интелегентната чувствителност со кои може да им се пристапи на луѓето.

Приближувањето на луѓето на местото каде што се наоѓаат не им го олеснува животот на оние кои сакаат да им се приближат на секуларните луѓе. Секуларните луѓе се различни како и снежните снегулки. Разговарајте со 20 такви луѓе па ќе откриете 20 различни потреби кои ги чувствуваат. Ќе дознаете и за многу кои никогаш претходно во животот на сте ги слушнале. Меѓутоа, приближувањето на луѓето на местата каде што се наоѓаат, може да се покаже како најголема авантура која може да го збогати вашиот живот. Ние им се приближуваме на луѓето на местата каде што се наоѓаат според Божјите методи, но и поради тоа што на тој начин ги заобиколуваме човечките бариери против убедувањата и предрасудите. Освен тоа, ако нашиот живот биде проткаен и со молитва, тоа ќе биде прекрасна формула за постигнување успех.

Приближувањето на луѓето на местата каде што се наоѓаат значи дека сме ги анализирале потребите како прв чекор во приближувањето до просечниот постмодерен слушател. Пред да почнеме да зборуваме ние мора да слушаме. Луѓето имаат можност

да го отфрлат евангелието. Доколку пропуштиме да им се приближиме таму каде што се наоѓаат, пораката, дури и да им викаме во лице, нема да ги допре. Ние мора да поминеме време во откривање на нивните потреби, како поединци и групи. Дури потоа може да им го објавиме евангелието во силата на Светиот Дух.

*Сабота 12 февруари 2022*

## ИЛУСТРАЦИЈА НА ОСНОВНИОТ МИСИОНСКИ ПРИСТАП 1

Неколку извештаи од мисионските полиња ќе ни преставуваат силен пример на она што се случува кога луѓето ги следат. Тоа е начелото на пристапување на луѓето на местата каде што се наоѓаат. Еден од овие извештаи доаѓа од местото Ириан Џаја, на северниот дел на островот Нова Гвинеја. Една мисионерска брачна двојка тргнала со чамец во внатрешноста на островот и се сместила кај племето Сави. Тоа била група која живеела по дрвјата и никогаш порано немала контакт со надворешниот свет. Парот целосно се обидел да  го разбере јазикот и обичаите на племето Сави. Се служеле со нивните медицински потреби и им донеле примери на непозната технологија како што биле огледалата, секирите и ножевите. Поради напредокот што го постигнале со новите гости, припадниците на племето воодушевено ги поздравило.

Кога брачната двојка го совладала основното  познавање на јазикот за да може да работи, мажот помислил дека можеби сега е време да им го објави евангелието. Отишол во нивната „долга куќа“, каде што сите заедно се собирале и им ја објавил приказната за Исуса Христа. Тоа го направил многу добро. Меѓутоа, припадниците на Сави племето покажале мал интерес за приказната за Исуса. Не обрнувале внимание на приказната која се однесувала на некое оддалечено племе Евреи во некоја многу далечена земја. Библиската приказна не ги интересирала се??? до моментот кога

мисионерот не им раскажал за Јудиното предавство на Исуса. Одеднаш тие почнале радосно да извикуваат и да прославуваат. Мисионерот бил збунет се??? до моментот кога разбрал дека нивниот јунак бил Јуда, а не Исус.

Зошто? Затоа што во нивната посебна култура највисокиот дел на почитување бил резервиран за она што го нарекуваме предавство. Савите го прославувале Јуда како некој кој имал храброст да го издаде својот најдобар пријател, Исус. Биле восхитени со фактот што три години бил во друштво на толку силна личност, ја делелхраната заедно со Исуса, патувал заедно со Него и конечно, без помош од другите ученици, го издал на крајот без тие воопшто да се посомневаат во него! Ваквото предавство ги надминувало сите примери за предавство на кои тие претходно се восхитувале.

Како да им се објави евнгелието на овие луѓе? Локалната култура го одобрувала и славела однесувањето кое било во директна спротивност со евангелието. Од преспектива на ова мисионска брачна двојка, објавувањето на евангелието од страна на мажот било многу силно и уверливо. Но, за припадниците на племето, кое живеело по дрвја, оваа приказна само ги потврдила нивните одвратни обичаи. Евангелието не може правилно да се сфати и објави без присуство на контекстот на културата и обичаите. Меѓутоа, како во оваа одбивна култура може да се најде одреден контекст?

Кратко време по овој настан, почнала војна со племето кое живеело во близина и со кое мисионерите исто така работеле. Тие се обидувале да го спречат судирот, но без никаков успех. Конечно, во очај, им рекле на луѓето дека ќе си заминат ако продолжат меѓусебно да се убиваат и ќе одат меѓу луѓе кои не се убиваат ниту вршат предавство. Бидејќи овие луѓе не сакале да ја изгубат економската корист од мисионерите, тие ветиле дека ќе склопат мир. Но, како да се постигне мир во опкружување кое го слави предавството?

Нивната подмолна култура дозволувала да се одржи импресивна и ефективна церемонија на склопување мир. Воините од двете племиња застанале едни наспроти други на отворен простор. Старешината на едното племе со трепет избрал едно од своите најслат-

ки дечиња и го предал на најдоверливиот воин на другата страна. Овие мали дечиња биле познати како „мировни дечиња". Секое племе требало да го негува и чува мировното дете. Тоа било заштита од припадниците на другото племе. Се??? додека детето е живо, тие ќе бидат сигурни од нападите на другото племе. Зошто? Затоа што на тој начин тие станувале семејство. Вие може да го предадете пријателот, но не може да го предадете семејството. Се??? додека мировното дете е живо, двете племиња ќе живеат заедно во мир.

Мисионерите го набљудувале ова и си поставувале мноштво прашања. Пред нив се наоѓала една спасителска аналогија која толку долго ја барале. Кога им се пружила можност, следниот пат да му се обратат на племето Сави, тие им зборувале за големата борба на небото и земјата. Рекле дека Бог толку го засакал светот што пратил едно мировно дете, Исус Христос, меѓу припадниците на човековиот род. Го дал својот син на човечкото племе. Иако мирот можел да трае само додека детето било живо, Бог направил благодарејќи на Исуса непрекинатиот мир да биде возможен. Бог бил жив и тој сега е на нивна страна. Тие станале семејство со Бога. Ова евангелие во контекст длабоко дејствувало на племето Сави така што многу негови припадници го прифатиле Исуса Христа.

*Сабота 19 февруари 2022*

## ИЛУСТРАЦИЈА НА ОСНОВНИОТ МИСИОЛОШКИ ПРИСТАП 2

Ед Дикерсон ја запишал приказната за обидот на Брус Олсон да му го објави евангелието на племето Мотилјон во една оддалечена област во Јужна Америка. Олсон го научил јазикот на племето и луѓето ја прифатиле неговата присутност. Конечно неговиот најблизок пријател, припадник на племето Мотилјон, станал христијанин, но делото напредувало многу бавно.

Еден обичај од племето го опфаќал маратонското пеење. Лежејќи во своите мрежи за спиење високо на земјата, тие со песна ги објавувале новостите коишто ги слушнале или ги доживеале во последните неколку денови. Во текот на еден таков фестивал, Олсон слушнал како неговиот пријател и прв обратеник во племето ја пее песната за Исуса и неговото обратување. Во текот на четиринаесет часови, додека непријателски расположениот поглавица на соседното племе повторувал збор по збор и нота по нота од неговата песна, длабоко во ноќта евангелието одекнувало низ прашумата.

Иако тоа бил позитивен развој на настаните, мисионерот се чувствувал многу непријатно. „Сето тоа изгледаше многу пагански!“ пишува тој подоцна. Музиката што се пеела во некој чуден mol клуч, звучеше како музика на врачевите. Ми изгледаше дека евангелието се понижува. Сепак, кога ги погледнав луѓето околу себе и нивниот поглавица, како се лулаат во своите мрежи за спиење, согледав дека слушаат многу внимателно како животот да им зависи од тоа. Боби им ја објавуваше својата духовна вистина преку песна.

Музиката на мисионерот му звучела како музика на врачевите. Тоа била мотиљонска музика. Да, тоа била нивната музика и нивниот јазик со кои досега им служеле на лажните богови. Сепак мисионерот воопшто не се двоумел да ја преведе Библијата на мотиљонски јазик, наспроти паганските конотации што постоеле. Евангелието морало да дојде во племето Мотиљон на јазик којшто ќе можат да го разберат неговите припадници.

Истото се однесувало и на музиката. На кој начин Бог можел да му пее на племето освен на музичкиот јазик кој им бил познат и разбирлив? Коралите на мисионерот или лесните народни американски песни воопшто не би можеле да ја завршат работата. Мисионерската лаодикејска зона на удобност станала пречка во објавување на евангелието. Кога се работи за духовните прашања, тој мислел дека неговиот начин е единствениот вистинскиот и дека неговата омилена христијанска музика е единствена и соод-

ветна за пренесување на евангелието. Изгледа бил неспособен да се извлече од својата зона на удобност, такашто Бог морал да го заобиколи и да му се обрати на племето на нивни начин.

Предизвикот на комуникација во оваа приказна секојдневно се случува на пониско ниво на целата земјина топка. Луѓето се борат на пронајдат вистински зборови за да им го пренесат на другите она што го мислат. Комуникацијата е борба затоа што секоја личност на оваа земја има свој т.н. културен хоризонт. „Пораките на човештвото мора да му се даваат на неговиот јазик“, напишала Елена Вајт. Ако оваа реченица е точна, тогаш некои адвентисти треба навистина да научат како да им зборуваат на секуларните луѓе.

*Сабота 26 февруари 2022*

## ПРОФИЛОТ НА СЕКУЛАРНИ ЛУЃЕ КОЈ ТРЕБА ДА ГО ДОСЕГНЕМЕ 1: КОИ СЕ СЕКУЛАРНИТЕ ЛУЃЕ?

Што мислиме кога велиме секуларни луѓе? Еве една практична, кратка дефиниција: „Секуларна личност е човек кој живее од ден во ден обрнувајќи мало или никакво внимание на Бога или на обичаите на некоја формална религија“. Повеќето секуларни луѓе не се атеисти и никогаш не донеле одлука да бидат секуларни. Тие навистина можат да веруваат во Бога, но не им паѓа на ум религијата да ја вклучат во својот секојдневен живот. Типичната секуларна личност не мора да биде непријателски расположена кон религијата, но таа не ги практикува традиционалните религиски обичаи како што се молитвата, присуствувањето на богослужение и читање на Библијата.

Секуларизмот е многу почигледно изразен во местата како што се Северна Америка, Европа и Австралија, но е многу присутен и во останатите делови на земјината топка кои се отворени за средствата за масовна комуникација. Влијанието на телевизијата, фил-

мовите, музиката, списанијата и интернетот го зајакнува световниот систем на размислување и однесување и на некои места на кои тоа не би можело да се очекува.

Во својата книга „Сегашна вистина во реалниот свет", Џон Полин го разработува феноменот на посветовени луѓе како целина. Иако посветовените луѓе биле и останале различни во својот индувидуализам, посветовувањето има и некои заеднички карактеристики на кои може секогаш да сметаме. Но, сега и тоа се промени! Духовноста и верата се многу повеќе дел од секојдневиието, отколку што беа пред 10 години. Ова особено се однесува на медиумите. Луѓето се чувствуваат многу попријатно ако попатно со некого поразговараат за своите духовни определувања. Согледав дека тоа се однесува и на адвентистичките цркви и образовни центри. Многу луѓе во црквата и надвор од неа копнеат да допрат до суштината која се крие зад доктрините, установите и облиците на изразување на нашата вера. Пред само десетина години таа глад не беше така изразена.

Меѓутоа, во исто време, христијанските цркви не констатираат дека предизвиците на кои се изложени се намалени. Можеби верата и духовноста во денешно време повеќе се ценат отколку во минатото, но тоа не се однесува и на религијата, особено организираната. Според општото мислење верата и духовноста склопиле еден вид примирје со световниот начин на размислување, така што верата и секуларизмот може да егзистираат едно покрај друго и без меѓусебно спротивставување. Меѓутоа, осведочувањата кај луѓето стануваат многу сомнителни. Критикувањето на другите вери излезе од мода и се смета за неприфатлива појава.

*Сабота, 5 март 2022*

## ПРОФИЛОТ НА СЕКУЛАРНИ ЛУЃЕ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ДОСЕГНЕМЕ 2: ТРАДИЦИОНАЛНО СЕКУЛАРНИ ЛУЃЕ

Традиционално посветовена личност е некој кој живее живот во кој Бог не е вклучен, без оглед дали таа личност е свесна за своето однесување. Таквите поединци може искрено да веруваат во Бога, иако не му дозволуваат Тој да учествува во практичните прашања на секојдневниот живот. Тие немаат обичај да се молат пред јадење, не гледаат верски емисии на телевизија и ретко читаат Библија и друга верска литература. Тие може да веруваат во Бога, но само ретки меѓу нив редовно одат во црква. За нив, личните и заедничките истражувања на религијата на ниво на секојдневно искуство станале неважни.

Традиционалниот секуларизам може да се категоризира во согласност со четири широки перспективи. Лангдон Гилки прв ги претставил овие перспективи во својата книга „Да му дадеме име на виорот", а Тони Камполо ги популаризирал во својата книга „Разумна вера". Овој четвороделен преглед е многу корисен, но просечната посветовена личност од улица воопшто не е свесна за овие перспективи. Затоа мора да имаме на ум дека ова се само општи облици за кои секуларната личност воопшто и не размислува.

**Случајност или натурализам.** Самиот збор случајност опишува верување дека сите работи во светот се случуваат преку определени причини и последици. Ништо не смее да се припише на божествената интервенција. На пример, ако сум огорчена личност, тогаш тоа се случува поради начинот на воспитување што сум го добил од моите родители. Ако сум богат, тоа е поради богатството на моите родители или затоа што тешко сум работел за тоа да го постигнам. Ако сум купил куќа или автомобил под исклучително добри услови, тогаш причината за тоа не е поради фактот што Бог бил на моја страна, туку последица на среќни околности или вештини со кои сум ги извршувал моите работи.

Друг назив за овој вид размислување е натурализам. Тоа значи да живееме без да очекуваме никаква натприродна интервенција. Бог не се наоѓа во средиштето на мојот живот, трудејќи се да ми помогне или да ме казни. Ваквиот вид размислување оваа личност ја отфрла како суеверие. Наместо тоа, таа живее во границите на реалноста која може да се доживее со петте сетила. Ваквите луѓе се сомничави кон зборувањата за натприродни појави и чуда.

**Автономност.** Другиот основен аспект на секуларниот начин на размислување се нарекува автономност или независност. Самиот збор автономија доаѓа од грчкиот јазик и значи „закон сам за себе". Ако Бог не е живо присутен во секојдневниот живот, тогаш луѓето сами мора да ја преземат одговорноста за сопствениот живот. Тие самите себеси мора да си поставаат правила на однесување. Автономните луѓе чувствуваат мала или никаква потреба за Божје насочување. Значи, јас самиот одлучувам како ќе живеам. Јас одлучувам дали мојот живот ќе има одредена смисла. Таа не доаѓа од горе и од небото, како и  одговорите и решенијата за моите проблеми. Секуларните луѓе живеат како да се целосно сами на овој свет. Тие сметаат дека самите тие треба да ги донесуваат одлуките, кои инаку би требало да се базираат на Бога.

**Релативизам.** Тесно поврзан со поимот на автономност, поимот релативност е трет аспект на секуларниот начин на размислување. Ако нема никаква натприродна интервенција во нашиот секојдневен живот и ако луѓето сами ја одредуваат својата судбина, тогаш смислата, вредноста и вистината зависат само од моменталното расположение. Она што е добро и исправно за една личност, може да биде потполно погрешно за некоја друга. Хомосексуалноста може да биде погрешна за една генерација, но целосно прифатлива за друга. Сексуалните односи меѓу две возрасни единки кои се согласиле на тоа, се во ред доколку ниедна од нив не изразува грижа на совест или, пак, не се срами поради нарушувањето на моралот. Доколку нешто е корисно или доколку повеќе луѓе го изразуваат тоа поведение, тогаш тоа е препорачливо, па и другите можат да бидат поттикнати на вакви дејствија. Мнозинството одлучува

што е дозволено е што не, што е добро а што е зло.

**Временска ограниченост.** Четвртиот и конечен аспект на секуларниот начин на размислување се нарекува „темпоралност“. Овој поим ја изразува мислата дека овој живот е се??? што имаме. Ние доаѓаме на оваа земја, живееме на неа одредено кратко време и потоа исчезнуваме. Она што го правиме нема никаква трајна вредност ниту значење, нема никаква награда или казна по завршувањето на нашето земско постоење. Бидејќи животот ни е единственото нешто во што можеме да бидеме сигурни, препорачливо е да го живееме дозволувајќи си ги себеси сите можни уживања. Оваа порака била особено истакната во една реклама за атлетски патики: „Животот е краток! Играј остро!“ Значи, се??? што се случува се одигрува денес! Утре нека се грижи за себеси!

Заедно земени, овие четири перспективи на секуларизмот - натурализам, автономност, релативност и привременост го сочинуваат погледот на свет кој е под власт на петте човекови сетила. За традиционално световната личност стварноста е ограничена, барем во практична смисла на она што може да се допре, вкуси или помириса. Исто така, за световната личност натприродното не може да се доживее со петте сетила, па затоа сосема е неважно каков живот живееме во практика.

Бидејќи во нормални услови луѓето не се во состојба да го видат, слушнат или допрат Бога, замислата за заемен однос со Него нема реална смисла за вистински посветовената личност. Кога ќе се појават необични околности, традиционално секуларната личност не е склона ваквите настани да ги смета за последица на Божјите активности. Наместо тоа, се претпоставува дека таквите необични околности можсѕ научно да се објаснат доколку имаме повеќе информации за нив. Тие чудата ги сметаат за производ на неукост наместо вера. Бидејќи науката дејствува на темелот на петте сетила, таа претставува нивни примарен авторитет на подрачјето на знаењето.

Ние можеме да видиме колку нашиот свет зависи од научните методи и колку нивните претпоставки се прифатени како сигурни, на пример, кога ќе го земеме предвид фактот што Мартин Лутер

напишал трактат во кој го осудил радикалниот поглед на свет на Коперник, кој сметал дека сонцето а не земјата е центар на нашиот соларен систем. Лутер му се спротивставил на Коперник затоа што сметал дека неговата нова астрономија се спротивставува на Библијата. Денес, наспроти почитувањето што го имаме кон Лутер, ниеден адвентист не би се осмелил да каже дека Лутер бил во право. Јасно е дека науката ги отворила нашите очи за реалноста која Лутер не ја очекувал.

Меѓутоа, благословите на науката имаат и своја мрачна страна во однос на верата. Во пракса, кога човековиот поглед на вистината е ограничен на реалноста на неговите пет сетила, Бог е исфрлен од постоењето на таа личност. Интуицијата и духовната перцепција се сметаат за производ на погрешен начин на размислување.

Изненадува фактот дека традиционално секуларната личност многу често е „религиозна" во смисла дека е вклучена во некои црквени активности. Можеби таа и не ја знае причината зошто го прави тоа. Можеби за да му угоди на брачниот другар или на деловните партнери. Можеби затоа што секогаш одела во црква. Но, нејзиниот духовен живот не влијае на самата суштина на нејзината личност. Таа извршува религиозни обреди и обичаи, но не им е вистински верна. Секуларниот адвентист, на пример, се однесува поинаку во сабота, но своите разговори нема да ги насочува на духовни подрачја и кај него нема никакви свесни погледи кон Бога. Но за вистинскиот христијанин, целокупноста на вистината е поголема од реалноста на нашите физички сетила. Христијанинот верува дека надвор од реалноста што можат да го искусат нашите пет сетила, постои и поширока реалност која исто така е вистинска, иако не е препознатлива со помош на нашите физички сетила.

*Сабота, 12 март 2022*

## ПРОФИЛ НА СЕКУЛАРНИ ЛУЃЕ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ДОСЕГНЕМЕ 3: ТрадИЦИОНАЛНО СЕКУЛАРНИ ЛУЃЕ

Во текот на последните две децении концептот на секуларизмот доживеал драматична пресвртница. Тие промени се поврзани со постмодернизмот. Тоа е фраза која настанала поради новите облици на архитектура. На многу начини, денешната млада генерација често се нарекува постмодернистичка и претставува комплетна спротивност на традиционалниот секуларистички поглед на свет. Додека традиционално посветовените луѓе се обидуваат да живеат живот кој во голема мера е одвоен од Бога, постмодернистички секуларните луѓе се склони да бидат многу духовни.

Постмодернистичките секуларни луѓе може да поминат голем дел од своето време во лична и приватна молитва. Тие можат да уживаат во искуството на богослужението, особено ако тоа содржи елементи на современа музика и стил на живот. Тие уживаат да читаат книги за Бога и да учат од луѓе чиј духовен пат драстично се разликува од нивниот. Сакаат неформално дружење во мали групи, се додека некој не се обиде да ги врзе со долгорочни врски. Со други зборови, постмодернистичките секуларни луѓе често бараат и негуваат жив однос со Бога. Духовноста е клучна компонента во нивниот начин на живот.

Тогаш во која смисла тие се нарекуваат секуларни и како овој назив може да се однесува на духовно активните луѓе? Она што ги прави секуларни е силната одбивност кон сите видови на воспоставена религија. Тие може да одржуваат однос со Бога, но не се заинтересирани да воспостават однос со институционализирана религија. Тие строго имаат прифатено две од четирите карактеристики на традиционалниот секуларизам, а тоа се автономноста и релативноста. Тие веруваат во Бога и сакаат да воспостават заедница со него, но генерално не се заинтересирани за надворешно наметнати

правила и морални обврски. Тие избираат сами во свои раце да ја земат управата над своето духовно патување.

Според тоа, постмодернистите имаат силна црта на антиавторитарност во своето однесување. Тие се спротивставуваат на авторитетот на религиозните установи. Мислат дека таквите установи се служат со лаги и фантазии за да може да го контролираат големото мноштво поводливи луѓе со цел да ги наведат да дадат пари за нормално работење на установата, без оглед дали тоа ќе послужи на духовните потреби на верниците. Постмодернистите се заинтересирани за вистината, духовноста и верата, но одлучуваат да не станат објект на барањата втемелени на верата. Тие може да се радуваат, да раскажуваат за Бога, но се многу одбивни кон обидите за преобратување. Некои ваквото однесување го нарекуваат постденоминационализам. Многу повеќе за овие трендови ќе кажеме во следните глави.

Од наша перспектива, постмодернистичкиот секуларизам, на прв поглед, е напредок во однос на модернистичката, научна варијанта на секуларизам. Многу е полесно да се разговара со постмодернистите за верата и вредностите отколку со модернистите. Меѓутоа, нашите цркви и други религиозни установи согледуваат дека станува се??? потешко да се впрегнат овие постмодернисти во доследната работа на успешната заедница. Постмодернистите сакаат да веруваат во Бога и да им служат на ближните, но се сомничави кон сите обиди да се организираат во групи во кои ќе ги делат истите убедувања. Како резултат на тоа, постмодернизмот, наспроти духовноста и потврдувањето на верата, упатуваат длабок предизвик на целите на црквата која има поинаков традиционален облик на организирана религија.

Без оглед дали ги набљудуваме секуларните луѓе како традиционални или постмодернистички, треба да внимаваме на претпоставката дека лесно можеме да ги класифицираме. Разликувањето повеќе видови секуларни луѓе е важно и корисно. Меѓутоа, меѓу нив нема остро разграничување. Постојат такви кои лесно се вкло-

пуваат во секоја категорија, но има и други кои покажуваат елементи од двете категории или претставуваат премин од традиционален секуларизам кон постмодернистички секуларизам.

Секуларните луѓе од двете категории може да бидат разновидни како снежните снегулки иако постојат заеднички примери во начинот на нивното размислување. Таа разновидност, се разбира, претставува неизбежна последица на релативноста. Ако не постојат апсолутни мерила за човечкиот живот, тогаш ќе дојдеме до голема разновидност во верувањата и во начинот на живот на секуларните луѓе.

Суштината е следна: Доколку сме навистина искрени во своето настојување да досегнеме со евангелието до целиот свет мора да ги земеме во обзир и овие секуларни трендови. Како и обично, немаме многу можности да бираме.

*Сабота, 19 март 2022*

## ПРОМЕНА НА ПАРАДИГМАТА КАКО ПРЕДИЗВИК НА ЦРКВАТА НА 21 ВЕК

На секои стотина години светот поминува низ масовна трансформација, нешто што денеска би го нарекле „замена на парадигмата“. Во текот на неколку децении изгледа како општеството целосно да се трансформира. Се менува погледот на свет, се преобразуваат општествените и политички структури и она што луѓето високо го ценат не е она по што копнееле претходните генерации. Се менува и начинот на кој луѓето одредуваат што е вистина во нивниот свет. Од една до друга генерација, општеството влегува во еден целосно изменет нов свет. Луѓето кои се раѓаат во тој свет не можат ни да замислат како изгледал светот на нивните дедовци. Имаат доволно тешкотии да го замислат и светот на своите татковци и мајки.

Ние се наоѓаме во период на „промена на парадигмата“. Тоа е промена од модернизам кон постмодернизам. Всушност, некои социолози сметаат дека оваа промена е започната и дека конечниот облик на постмодернистичкиот свет допрва ќе биде целосно сфатен. Постмодернизмот се??? уште не е некој организиран поглед на свет или целосно обликувана култура. Меѓутоа, веќе имаме доволно податоци да почнеме да го забележуваме влијанието на овие промени врз црквата и нејзината мисија.

Во многу делови на светот, секуларното опкружување упатува вистински предизвик на нашата вера. Голема количина евангелски напори донесуваат се??? поограничени резултати кога ќе се споредат со резултатите од минатото. Се??? повеќе ни се чини како да зборуваме во ветер, преку главите на луѓето, наместо она што го правиме да има одредена смисла. Ако сакаме резултати евангелието мора да дојде во допир со луѓето. Она што е успешно на едно подрачје, не мора да биде успешно и на друго. Ние мора да се запознаеме со единствените потреби и грижи на нашите потенцијални слушатели. Ова начело неизоставно мора да се почитува кога сакаме да работиме со секуларни луѓе.

*Сабота, 26 март 2022*

## ДА ГИ ЗАПОЗНАЕМЕ ОСНОВНИТЕ ПРЕТПОСТАВКИ НА ПОСТМОДЕРНИЗМОТ 1.

Основното мислење на постмодернистите е дека самоувереното тврдење на модернистите не е ништо друго освен историски условена конструкција која нема поголема вредност и тесноградите извесности на постмодернистичките или незападните култури. Како што примитивните култури биле уверени во својата правоверност бидејќи не ја познавале пошироката слика, така и модернистите ја стекнале својата самоувереност со ограничување на

својата база на податоци и херменаутика која дозволувала фактите да бидат проверени.

Постмодернистите се слични на патници од некоја зафрлена рурална средина кои откриваат дека нивните обичаи и верувања имаат локална природа. Иако тие ги сметаат за универзални затоа што располагаат со една поширока слика, се појавува свест дека модернизмот ги изневерил луѓето со својот погрешен поглед на реалноста. Во онаа мерка во која црквите ги прифатиле модернистичките погледи и ги вградиле во своите верувања во таа ќе бидат во можност да се соочат со истите обвинувања за измама. Следните реченици претставуваат краток преглед на некои промени низ кои поминало општеството при преминот од секуларен модернизам во секуларен постмодернизам:

Од доверба до сомнеж. Оваа свест за измама довела до општ премин од доверба во сомнеж. Науката не изневерила, па затоа не би требало да се потпираме на науката кога ќе го решаваме овој проблем. Власта не изневерила такашто не треба да очекуваме да ни помогне во решавањето на проблемот. Религиските институции не изневериле затоа не барајте помош од нив. Она што честопати го нарекуваме знаење не е ништо повеќе од низа теории на човечки конструкции. Денес се смета за позитивно однесување кога сите работи се ставаат под сомнеж, кога никому целосно не му се верува, вклучувајќи се и самиот себеси. Постмодернистите се исклучиво сомничави кон секој кој нуди сопствени одговори.

Од стабилност до дезориентација. Постмодернизмот го признава губитокот на свест за редот во овој наш свет. Доколку реалноста и моралноста се само човечки конструкции, тогаш нема цврста подлога на која би можеле да застанеме без никаква потпора во мислењето. Ако погледот на светот на модернистите е само општествена конструкција, тогаш тоа не би можело да биде поглед на реалноста, туку само сон, или уште полошо ноќен кошмар. Колективното западно верување дека науката и технологијата се одговор, довело до катастрофално загадување на животната средина,

нееднаквост, модерно ропство и тероризам. Оние кои се разбудиле од овој ноќен кошмар се склони барем одредено време да се чувствуваат дезориентирани.

Од една до многу вистини. Чувството дека не постои ниедна поединечна и веродостојна конструкција на реалноста довело до прифаќање на гледиштето за многу вистини. Секој има на располагање одредена вистина и ниеден поединец или група ја нема целокупната вистина. Иако сме неспособни да ја сфатиме целата слика во нејзината во нејзината севкупност, ние можеме да ја сфатиме вистината на едно многу ограничено ниво. Наместо да биде покажан или наметнат, во денешно време погледот на свет треба да биде огласуван во контекст на многуте помали вистини кои меѓусебно се натпреваруваат. Според тоа, прифаќањето на разни погледи на свет во контекст на постмодернизмот се смета за позитивно однесување.

Од индивидуализам до криза на идентитетот. Ако сите работи се само "општествена конструција", тогаш е разумно да претпоставиме дека дури и сопствената перцепција или идентитет се само една заблуда или сопствена конструкција. На тој начин сигурниот каубој од модернистичкиот мит е заменет со пластична личност која може да земе било каков идентитет во согласност со моменталните потреби, иако во реалноста тој не е сигурен кој од нејзините идентитети е вистински. Позитивна страна на оваа криза на идентитетот е свеста дека некој може да одлучи да биде она што сака да биде. Негативна страна е дека никому не може да му веруваме.

Од индивидуализам до заедништво. Секуларните модернисти инсистирале на индивидуализмот до онаа точка до која се распаѓале семејствата с и традиционалните структури на заедници. Тие се склони да останат до нуклеусот на семејството, но често живеат со своите родители и кога ќе наполнат дваесет или повеќе години. Благодарејќи на технолошките средства, како што е меилот, за разлика од модернистите тие повеќе сакаат да останат во врска со пријателите од детството или далечните роднини. Тие ги ценат

пријателствата и лесно ја жрвуваат кариерата или можностите за патувања за да останат покрај своите пријатели.

Во одредена смисла, овој копнеж за заедништво е многу повеќе реакција отколку смислена активност. Постмодернистите се чувствувале оптоварени со идејата на своите модернистички родители кои го жртвувале заедништвото и односите на олтарот на просперитетот и успехот. Од друга страна, губењето на идентитетот на личноста кај постмодернистите во голема мера им го отежнува поврзувањето или одржувањето на бликсост во односите. Според тоа, заедништвото често станува са мо магловита цел за која се копнее, но многу тешко се достигнува.

ГРАДИВО 1/2022

**Мисионски стихови**

**-** Евангелски активности на верниците

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**